РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР УП-1-10-9
28. 03 20 23 ГОД.
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации, Бул. Кочо Рацин 26-1/2 1000 Скопје, со број УП-1-10-9 од 22.03.2023 година, Градоначалникот на Општина Ресен на ден 24.03.2023 го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации, Бул. Кочо Рацин 26-1/2 1000 Скопје, заверено под број УП-1-10-9 од 22.03.2023 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата Здружение Центар за истражување новинарство СКУП Македонија, преку електронска пошта на Општина Ресен поднесе барање на ден 15.03.2023 година заверено под број УП-1-1-8 со кое побара преку е-маил да му биде доставен електронски запис од следната информација:

- План за интегритет
- Годишна антикорупциска програма (за последната година за која имате ваква програма)
- Интерна процедура за спроведување на постапките за јавна набавка и реализација на договорите за јавна набавка

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, Општина Ресен го информира дека, во Општина Ресен нема план за интегритет, исто така нема годишна антикорупциска програма и нема интерна процедура за спроведување на постапките за јавна набавка и реализација на договорите за јавна набавка.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

Изработил: Аријан Лумани

Контролирал: Зухра Алиовска

Одобрил: Дијана Кремшовска

Доставено до:
-архива
-барател на информација